**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА: ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА, РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на 75. седница, одржана на 27.5.2015 година, донесе Одлука бр.1602-156/4 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура* во состав:

– проф. д-р Марјан Јованов – претседател (наставно-научна област класична археологија);
– проф. д-р Драги Митревски – член (наставно-научна област праисториска археологија);
– проф. д-р Митко Панов – член (наставно-научна област историја на Византија).

На распишаниот Конкурсот објавен во весниците „Утрински весник” и „Коха“ на 14-15.3.2015 година за овој избор во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. д-р Трајче Нацев, вработен како наставник на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот доц. д-р Трајче Нацев, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: 1. Пријава; 2. Диплома за стекнат степен доктор по археологија (четири копии заверени кај нотар); 3. Кратка биографија (CV) (четири примероци); 4. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите); 5. Потврда за странски јазик (еден примерок); 6. Програми од учество на конференции; 7. Потврди за учество на проекти во странство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. д-р Трајче Нацев** е роден на 1 октомври 1959 година во Неготино. Основно и средно гимназиско образование завршува во Штип. Во учебната 1979/1980 година се запишува на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1985 година дипломира и се стекнува со звање *дипломиран историчар на уметноста со археологија*.

Во учебната 2001/2002 година се запишува на постдипломските студии по археологија на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во јуни 2005 година го брани магистерскиот труд под наслов *„Доцноантичкиот град Баргала“* и се стекнува со академско звање магистер на археолошки науки.

Во 2008 година пријавува тема за изработка на докторска дисертација на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофски факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Виктор Лилчиќ, под наслов *„Атиката во Брегалничкиот басен“*. Во мај 2010 година успешно ја одбранува докторската дисертација, со што се стекнува со академско звање *доктор на археолошки науки*.

Од неговото вработување од 1988 па сè до 2011 година во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Штип и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, има раководено над двесте проекти финансирани од Министерство за култура на Р.Македонија

(од областа на музеологијата и конзервација на недвижно културно наследство), во над дваесет проекти од областа на заштитни археолошки истражувања, во над 40 проекти како член на стручна екипа и изработка на над 50 елаборати за конзервација на недвижно културно богатство.

Во истиот период како раководител и член на стручна екипа бил ангажиран од повеќе институции од областа на музеологијата и заштитата: НУ Музеи на Македонија – Скопје, НУ Нацонален конзерваторски центар - Скопје; НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, Народен музеј Св.Николе, НУ Музеј - Гевгелија и НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби - Градско.

Во периодот од 2010 до 2015 година беше ангажиран како раководител и член на проекти од научноистражувачка работа и заштита на културното наследство во Р.Македонија и Р.Бугарија.

- Погребување под могили во долината на река Крива лакавица Општина Конче.
- Пајонски утврдувања, населби и некрополи по долината на река Брегалница.
- Археолошко истражување на локалитетот Исар Марвинци.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект Куќа со триклиниум на археолошкиот локалитет Стоби.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект Храм археолошкиот локалитет Стоби.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на Фонтана на објект Перистерија на археолошкиот локалитет Стоби.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект Скенска зграда на археолошкиот локалитет Скупи.
- Изработка на Основен Проект за конзерваторско реставраторски работи на објектите од сектор 1 на археолошкиот локалитет Кале Скопје.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на Внатрешни преградни бедеми на археолошкиот локалитет Кале Скопје.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на Објекти од 14 до 16 век и објект од рано отоманско време фаза 2 од 17 до 18 век на археолошкиот локалитет Кале Скопје.
- Конзервација и реставрација на објект Куќа со триклиниум на археолошкиот локалитет Стоби.
- Конзервација и реставрација на објект Храм на археолошкиот локалитет Стоби.
- Конзервација и реставрација на објект Антички театар на археолошкиот локалитет Стоби.
- Консултант за конзервација, реставрација и реконструкција со црковен комплекс и фортификацијата на утврдувањето Цари Мали Град село Белчин Општина Самоков, Р.Бугарија, проектот е финансиран од Европска унија.
- Учество како партнер во локален проект за локација и обработка на нови археолошки локалитети во општина Самоков во Р. Бугарија.
- Консултант при изработка на прокет за конзервација и реставрација на новотокриени објекти на археолошкиот локалитет Цари Мали Град село Белчин општина Самоков, Р.Бугарија.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, УГД - Штип (бр. 2402-175/10 од 17.12.2010 година), д-р Трајче Нацев е избрана во наставно-научната област хуманистички науки подрачје *археологија* во наставно звање *доцент*.
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Nacev T. | Vinery from the Late Antigue town Bargala | Folia Balcanica br.2 | 8 |
| 2. | Нацев Т., Веселинов Д. | Доцноантичките цивилни утврдувања по долината на река Брегалница | Гласник на Институтот за национална историја, год. 57, бр. 1 и 2 | 60 |
| 3. | Нацев Т. | Водоснабдување и одводни канали во Баргала | Зборник на Филолошкиот факултет бр.2, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2011 | 5 |
| 4. | Нацев Т. | Фортификацијата на градот Баргала, | Зборник на Филолошкиот факултет бр.3, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2012 | 5 |
| 5. | Нацев Т. | Сакрални објекти од градот Баргала | Зборник на Филолошки факултет бр.4, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2013 | 5 |
| 6. | Нацев Т., Веселинов Д. | Стратешките вредности на воените утврдувања во доцната антика по долината на река Брегалница | Историја, година XLIX, бр.1 | 45 |
| 7. | Нацев Т., Веселинов Д. | Одбраната и заштитата кај доцноантичките утврдувања во долината на река Брегалница | Зборник на трудови од Денови на Јустинијан I | 2 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Доц. д-р Трајче Нацев е избран во доцент на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип во 2010 година. Рефератот за неговиот избор е објавен во Универзитетски билтен бр. 50 од 1 декември 2010 година.

Кандидатот активно учествува во реализацијата на наставата за прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при УГД.

Во периодот од 2010 до 2015 година д-р Трајче Нацев е автор на тринаесет (13) научни и стручни трудови објавени во домашни и странски списанија, автор на една монографија и дел од научна книга објавена во странство.

***Во истиот период раководи со два научни проекти:***

1. Погребување под могили по долината на река Крива Лакавица;
2. Пајонски утврдувања и некрополи по долината на река Брегалница.

Д-р Трајче Нацев бил ментор на еден магистерски труд одбранет на Конзорциум универзитети (Италија, Шпанија, Португалија) на м-р Дарко Стојановски.

Во периодот од 2010 до 2015 година бил член во комисија за одбрана на седум дипломски труда.

По изборот во доцент, во период од 2010 до 2015 година, д-р Трајче Нацев активно работи во научноистражувачката дејност објавувајќи поголем број на трудови.

***Објавени трудови во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации во последните пет години***

I. ***Научни трудови во научни списанија***

1. Нацев Т., Винаријата од градот Баргала, Folia Balcanika, br 2, Скопје 2012.

Во трудот е презентирана винаријата во градот Баргала, преку откриените вински преси во средниот тек на река Брегалница на локалитетите Горно Поле, Баргала и големата амфора за вино откриена во атарот на село Загорци, а пред сѐ архитектонскиот комплекс во Баргала наменет за производство, чување и трговија, укажува за организирано регионално производство, а не за локална или индивидуална обработка на вино.

Сето ова авторот го наведува на заклучок дека брегалничкиот вински регион, со одгледување на виновата лоза и со производство на вино, започнал уште од железното време (8 – 6 век пред н.е.), што продолжило низ античкиот и средновековниот период. Денес овој регион ја продолжува традицијата на одгледување на винова лоза во близина на градот Баргала и на локалитетот Горно Поле, потоа во атарот на селата: Горни и Долни Балван, Три Чешми и во селото Загорци, а продолжува и производството на вино во винариите: Зик Црвена ѕвезда, Имако, Аневски и Езимит.

2. Нацев Т. – Веселинов Д., Доцноантичките цивилни утврдувања по долината на река Брегалница, Гласник на Институт за национална историја, год. 57 бр.1 и 2, Скопје, 2013.

Во овој труд авторите ги обработуваат доцноантичките цивилни утврдувања по долината на река Брегалница. Овие утврдувања се од особено значење за развојот на цивилното население во регионот, преку обезбедување на безбедност и одбрана на овие утврдувања.

Цивилните утврдувања по долината на река Брегалница, исто како и воените биле застапени со стандардните одбранбено-заштитни мерки и елементи. Со тоа во зависност од значењето, големината и местоположбата на населеното место било формирано и утврдувањето. Според ова во доцната антика по долината на река Брегалница имало два вида на цивилни утврдувања и тоа: збегови (refugia) и утврдени села (vicimurati).

3. Нацев Т. – Веселинов Д.,Стратешките вредности на воените утврдувања во доцната антика по долината река Брегалница, Историја година XLIX, бр.1, Скопје, 2014

Развојот на населените места, стопанството и патните коминикации по долината на река Брегалница во доцноантичкиот период претставувале причина тој регион да влезе во воената карта на тогашната држава. Всушност тоа значело изградба на воени утврдувања кои овозможувале безбедност, одбрана и заштита на населението и стопанските добра во тој дел. За нивно успешно извршување на задачите и целите требало да исполнуваат одредни стратешки вредности. Како таква и од големо значење била местоположбата на воените утврдувања. По долината на река Брегалница во доцноантичкиот период добрата местоположбата на ваквите видови утврдувања имовозможувала поголема ефикасност и ефективност во нивната намена односно во одбраната и заштитата на луѓето и матријалните добра.

II. ***Научни трудови објавни во зборници на трудови на научен собир***

4. Нацев Т., Античката патна комуникација, Р.Бугарија, Зборник, ОНГЛ, Самоков 2013.

Во трудот е обработена античката патна комуникација преку неколку патни комуникации кој во бегалничкиот басен е присутна уште од праисторијата.

Брегалничкиот басен го зафаќа североисточниот дел на Република Македонија, во кој регион се сместени шест општини Берово, Пехчево, Делчево, Каменица, Кочани, Виница, Штип и Свети Николе, кој денес се поврзани со регионален пат. Од праисторијата па сѐ до крајот на доцната антика, голема улога во развојот на регионот, градовите, населбите и селата, покрај геоморфолошките карактеристики, има и патната комуникација не само меѓу градовите од територијата на Брегалничкиот басен, туку и патиштата, со кој оваа територија била поврзувана со Повардариeто, Пелагонија, Тракија и Дарданија. Од

неолитот па сè до крајот на доцната антика се користат истите патишта, дел од нив, иако како колски патишта, се користат и денес, за поврзување одредени села и градови.

5. Нацев Т., Прилог кон проучувањето на железното време во Брегалничкиот басен, Р.Бугарија, Зборник, ОНГЛ, том 13, год IX,Софија, 2014.

Во овој труд авторот ги објавува првите резултати од сондажните археолошки истражувања на железнодопската населба Градиште Киево село Горни Балван - Штип. Во брегалничкиот басен за првпат се изведуваат сондажни истражувања на железнодопска населба, каде што при истражувањето се констатирани архитектонски остатоци од железното време, од каде ја добиваме и првата информација за градежните техники и начинот на подигањето на населбата. Покрај архитектонските остатоци се откриени и неколку значајни движни наоди кои зборуваат за материјалната култура во самата населба.

6. Нацев Т. – Веселинов Д., Одбраната и заштитата кај доцноантичките утврдувања во долината на река Брегалница, Зборник на трудови од денови на Јустинијан I, Скопје, 2014.

Населените места во доцноантичкиот период доживуваат одреден степен на развој располагајќи со сопствени материјални и духовни вредности. Сето тоа претставувало и понтенцијален ризик за изложеност на населението во нив од непријателски напади се со цел како би ги освоиле и се стекнале со поголем плен и богатство. За одбрана и заштита од таквите напади и секојдневна сигурност на населението и материјалните добра се преземале мерки и активности. Основата на сето ова ја претставувала фортификацијата односно утврдувањето на населените места, со што се овозможувала соодветна одбрана и заштита. Раната антика претставувала период во кој се појавиле почетоците на одбраната и заштитата меѓутоа нивниот развој кулминира во доцната антика каде утврдувањата земаат сè поголем замав, пред сè, поради дефанзивниот систем на одбрана и заштита. Ваквиот начин на организирање бил присутен и во населените места по долината на река Брегалница во доцноантичкиот период каде што одбраната и заштитата функционирала како систем за одговор од непријателските напади.

7. Нацев Т. – Веселинов Д., Потенцијални ризици и опасности од елементарни непогоди врз недвижното културно наследство во Ново Село, Зборник на трудови, Штип 2014.

Ново Село е една од најстарите насеби во Штип. Со својата позната стара архитектура оваа населба воедно претставува и недвижно културно наследство каде што дел од објектите се заштитени со закон. Меѓутоа, како секое населено место и ова е подложено на ризици и опасности од елементарни непогоди. Карактеристичната местоположба, односно опкруженоста со ридови, текот на река Брегалница покрај населбата, но и старата архитектура во чиј градежен состав е присутна дрвената граѓа е потенцијална опасност и ризик од појава на поплава, пожар, лизгање на земјиштето, земјотрес и сл. Ова воедно претставува и загрозување на целокупното недвижно културно наследство во Ново Село, што заслужува внимание за преземање на мерки и активности со цел како би се извршило негова заштита и спасување во случај на појава од потенцијалните ризици и опасности.

III. ***Научни трудови објавени во зборници кои не се презентирани на научен собир***

8. Нацев Т. Водоснабдување и одводни канали во Баргала, Зборник на Филолошки факултет бр.2, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2011

Во трудот е обработена целокупната водоводна и одводна мрежа откриена кај објектите во Епископиумот на градот Баргала во рамките на систематските археолошки истражувања кои се изведени во перидот од 1967 до 2005 година. Презентирана е цистерната за вода, водоводната мрежа која доаѓа од ритчето Цвилинг и одводните канали кои поминуваат под улицата Via intervalum и одводниот канал кои поминува помеѓу цистерната за вода и епископската резиденција.

9. Нацев Т., Фортификацијата на градот Баргала, Зборник на Филолошки факултет бр.3, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2012.

Во трудот е презентирана и обработена целата фортификација на градот Баргала, каде што во континуитет од 10 години се вршат систематски археолошки истражувања. Баргала е меѓу ретките доцноантички градови каде што поголем дел од фортификацијата е откриена. Со досегашните истражувања целосно е откриен северозападниот одбранбен ѕид во кој се наоѓа и главната порта Principalis, потоа југозападниот одбранбен ѕид во кој е сместена североисточната порта која била наменета за населението од субурбиумот. Откриени се 11 одбранбени кули со правоаголна форма, а секако треба да се спомене надворешниот и внатрешниот пропугнакулум кои значително ја зголемуваат одбраната на градот. Во одбраната на градот влегуваат и одбранбениот ров и малите утврдувања кои радијално се распоредни околу градот Баргала.

10. Нацев Т., Сакрални објекти од градот Баргала, Филолошки факултет бр.4, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2013.

Со систематските археолошки истражувања на доцноантичкиот град Баргала, започнати од 1967 година па сè до денес, откриени се неколку објекти кои припаѓаат на сакралната архитектура: Епископска базилика откриена во 1967 година, Базиликата Extra Muros откриена во 1970 година и Ранохристијанската градска базилика откриена во 2008 година. Сите три објекти влегуваат во хронолошката рамка од 4 до 6 век.

Откриените сакрални објекти го потврдуваат градот Баргала како прво епископско седиште во Брегалничкиот басен.

IV. ***Книги/поглавја од книги објавени во странство***

11. Нацев Т., Конзервация, реставрация и реконструкция на Цари Мали Град, село Белчин, Р. Бугария, Чудото Цари Мали Град, София 2013.

Во трудот се презентирани резултатите од конзервацијата, реставрацијата и реконструкција на фортификацијата и на црковниот комплекс на доцноантичкото утврдување Цари Мали Град село Белчин во оОпштина Самоков.

Презентиран е начинот на конзервацијата, реставрацијата и реконструкцијата кај сите објекти кои се предмет на заштита. Потоа во трудот се презентирани и причините за оштетувањата на културното наследство и неговата понатамошна заштита.

Конзервацијата на фортификацијата е извршена врз основа на сочуваните паднати фасади на кула 1 и 2, додека реконструкцијата на црквата Вознесение Христово, извршена е врз основа на археолошките истражувања и аналогии од сочуваните средновековни цркви во реонот на Самоков.

V. ***Книги/поглавја од книги***

12. Нацев Т., Античкиот период во Брегалничкиот басен, Штип, 2013

Книгата „Античкиот период во Брегалничкиот басен" го обработува хронолошкиот период од 5 век пред н.е. до крајот на 6 почетокот на 7 век, кога со аваро-словенските напади биле целосно уништени сите доцноантички градови.

Во книгата се презентирани: геоморфолошките и геолошките карактеристики на Брегалничкиот басен, хронолошки профил на Брегалничкиот басен во кој се опфатени сите периоди од праисторијата и протоисторијата, раната антика (краток историјат за периодот на создавањето, развојот и уништувањето на македонската држава, развојот на градовите во Македонија до 168 г. пред н.е., ранoримски период (краток историјат за римското владение од 168 г. пред н.е. до крајот на 297 година, границите на Македонија за време на римското владеење од 168 г. пред н.е. до крајот на 297 година и доцноантички период (краток историјат на историските услови од 4 до 6 век, утврдувања, обновени и новоизградени градови). Сите периоди се покриени со фотографии, карти, планови и цртежи. Посебно се презентирани патните комуникации кои се покриени со посебни карти каде што е обележаната патната комуникација од праисторијата до крајот на антиката, потоа посебно се презентирани поглавјата за религијата и економијата. Во книгата е сместен и каталогот на населби и утврдувања посебно за секој регион.

Согласно со критериумите за избор во повисоко звање (вонреден професор), д-р Трајче Нацев има објавено рецензирана скрипта (античка археологија (грчка и римска

архитектура), Универзитетски билтен бр. 141 од 16.2.2012 г.) и рецензиран практикум (Практикум по античка археологија (грчка и римска архитектура), Универзитетски билтен бр. 141 од 16.2.2012 г.) кои се прикачени на е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“.

***Рецензирана скрипта***

Трајче Нацев (2015). ***Античка археологија (грчка и римска архитектура)***, ISBN: 978-608-244-166-5, рецензирана скрипта, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, http://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php.

***Рецензиран практикум***

13. Трајче Нацев (2015). ***Практикум по античка археологија (грчка и римска архитектура)***, ISBN: 978-608-244-167-2, рецензирана скрипта, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, http://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php.
14. ***Авбтор на каталог и изложби***
15. Нацев Т., Секулов В.,Руљак З.,Сламков Е., Антиката во Југоисточна Македонија, изработка на каталог и автори на изложбата, Струмица 2011.
16. Коавтор на изложбата антиката во Југоисточна Македонија, 2011 година.
17. Автор на новата постојана археолошка поставка (оддел праисторија) во простиориите на НУ Завод за заштита на спомениците и музеј – Штип, 2013 година.
18. ***Член на уредувачки одбор***

***Доц. д-р Трајче Нацев е член на уредувачкиот одбор на еден домашен и еден интернационален зборник: Зборник на трудови-Штипско научно здружение и Зборник, ОНГЛ, Самоков, Р.Бугарија.***

19. ***Учество во научноистражувачки проекти***

***Кандидатот доц. д-р Трајче Нацев активно работи во полето на научноистражувачката дејност. Тој е раководител на научноистражувачки проекти финансирани од Министертсво за култура:***

1. Раководител на сектор при систематски археолошки ископувања на локалитетот Исар Марвинци-Валандово, 2010 година.
2. Раководител на систематски археолошки ископувања на локалитетот Баргала с.Горен Козјак –Штип, 2010 година.
3. Раководител на заштитните археолошки истражувања на средновековното утврдување Плоча село Брест –Штип, 2011 година.
4. Раководител на заштитни археолошки истражувања на локалитети загрозени со детални геолошки истражувања за потребите на ДПТУ Боров Дол - Радовиш, 2011 година.
5. Раководител на систематски археолошки истражувања на локалитетот Баргала, село Долен Козјак, 2011 година.
6. Раководител на систематско археолошко истражување на могила 1 на археолошкиот локалитет Денкини Чуки село Конче, 2011 година.
7. Раководител на систематско археолошко истражување и рекогносцирање на археолошките локалитети во Малешевијата (Проект Пајонија низ долината на река Брегалница), 2013 година
8. Раководител на систематско археолошко истражување на локалитетот Калимерово – Штип (Проект Пајонија низ долината на река Брегалница), 2013 година.
9. Раководител на систематско археолошко истражување и рекогносцирање на археолошките локалитети во Малешевијата (Проект Пајонија низ долината на река Брегалница), 2014 година.
10. Раководител на систематско археолошко истражување на археолошките локалитети Дамјаница и Тодорица во Кочанско (Проект Неолитизација во Кочанско Поле), 2014 година.

***Раководител и кораководител при изработка на проекти од областа на заштитата на културното наследство на Р.Македонија***

11. Изработка на Елаборат за конзерваторско реставраторски работи на Фонтаната во палатата на Перистерија на археолошкиот локалитет Стоби – Градско, 2010 година.
12. Изработка на Елаборат за конзерваторско реставраторски работи на објект Храм на археолошкиот локалитет Стоби – Градско, 2011 година.
13. Изработка на Елаборат за конзерваторско реставраторски работи на објект Триклиниум на археолошки локалитет Стоби - Градско, 2011 година.
14. Изработка на Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на северозападниот одбранбен ѕид од фортификацијата на античкиот град Стоби, 2012 година.
15. Изработка на Проект за превентивна конзервација на римски театар на археолшки локалитет Стоби, 2012 година.
16. Изработка на Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на објектите од сектор 1 на археолошкиот локалитет Кале Скопје, 2013 година.
17. Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект Скенска зграда на археолошкиот локалитет Скупи 2015 година.
18. Изработка на проект за конзервација и реставрација на Внатрешни преградни бедеми на археолошкиот локалитет Кале Скопје, 2015 година.
19. Изработка на проект за конзервација и реставрација на објекти од 14 до 16 век и објект од рано отоманско време фаза 2 од 17 до 18 век на археолошкиот локалитет Кале Скопје, 2015 година.

***Кораководител на проекти од областа на заштитата на културното наследство финансирани од Министерство за култура на Р.Македонија:***

20. Кораководител на конзерваторско реставраторски работи на Куќа со триклиниум (архитектура) на археолошкиот локалитет Стоби – Градско 2011 година.
21. Кораководител на конзерваторско реставраторски работи на Фонтаната во палатата на Перистерија на археолошкиот локалитет Стоби – Градско, 2011 година.
22. Кораководител на конзерваторско реставраторски работи на објект Храм на археолошкиот локалитет Стоби, 2012 година.
23. Кораководител на конзерваторско реставраторски работи на објект Театар на археолошкиот локалитет Стоби. 2013 година
24. Кораководител на конзерваторско реставраторски работи на објект Театар на археолошкиот локалитет Стоби, 2014 година.

***Учество во мегународни проекти финансирани од Европската унија:***

25. Раководител на проектот: Мапирање на културното наследство во Општина Карбинци Република Македонија и Општина Струмјани Република Бугарија 2015 година.
26. Раководител на проектот: Оживување на културното наследство во прекуграничниот регион на Општина Штип, Р. Македонија и Општина Благоевград, Р. Бугарија, 2015 година.
27. Раководител на проектот: Мапирање на културното наследство во Општина Карбинци Република Македонија и Општина Струмјани, Република Бугарија, 2015 година.

***Член на стручна екипа за заштита на културното наследство во странство:***

28. Учество како партнер во локален проект за локација и обработка на нови археолошки локалитети во Општина Самоков во Р.Бугарија, 2011 година.
29. Стручен консултант на проект Конзервација, реставрација и реконструкција на објект Цари Мали Град село Белчин – Самоков, Р.Бугарија, 2012 година.
30. Консултант при изработка на прокет за конзервација и реставрација на новотокриени објекти на археолошкиот локалитет Цари Мали Град село Белчин, Општина Самоков, Р.Бугарија, 2013 година.
31. Стручен консултант на проект Конзервација, рестсаврација и реконструкција на доцноантичката и средновековната тврдина на Хисарлк - Ќустендил, Р.Бугарија, 2014 година.

*Член на факултетски орган и комисии*
1. Член на Наставно-научен совет, Филолошки факултет, УГД, Штип.
2. Член на Наставно-научен совет, Факултет за образовни науки, УГД, Штип.
3. Член на Комисија за прием на студенти на Факултет за образовни науки, УГД, Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство констатира дека според објавените научни и научно-стручни трудови, учеството во научноистражувачки проекти, учеството на интернационални и домашни конференции, симпозиуми, конгреси, изведување на настава по повеќе предмети од областа на археологијата, историјата на уметноста и културната историја на Македонија, како и другите активности наведени во рефератот, доц. д-р Трајче Нацев поседува извонредни квалитети за наставна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациона работа.

Според Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Универзитетски гласник бр.31, мај 2014 год.), кандидатот доц. д-р Трајче Нацев ги исполнува критериумите да биде избран во звањето вонреден професор и за целокупната активност во извештајниот период има остварено (НО+НИ+САОР)= 217 поени.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог и кандидатот доц. д-р Трајче Нацев да го избере во звањето вонреден професор од наставно-научната област класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марјан Јованов, вонреден професор, претседател,**
**Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Драги Митревски, редовен професор, член,**
**Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Митко Панов, редовен професор, член,**
**Институт за национална историја, УКИМ, Скопје, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА ДОЦ.Д-Р ТРАЈЧЕ НАЦЕВ

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање доцент | 30 |
| | | **Вкупно: 30** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Монографија или научна книга | 10 | |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | | 10 |
| 3 | Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 15/10/5 | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 6X3=18<br>3X3=9 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1x1=1 | 3X2=6 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 1.5X2=3 | 9X2=18 |
| 12 | Раководител на научен проект | 4x16=64 | |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | 3x3=9 |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 2x2=4 | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1x1=1 | 2X2=4 |
| | | **Вкупно: 151** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 17 | Елаборати и експертизи | 2x8=16 | 4 |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела | 10 | |
| 25 | Шеф на институт | 4 | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 2x2 = 4 | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 1x2=2 | |
| | Вкупно | 36 | |
| | Вкупно за сите активности | 30+151+36= 217 | |
| | | **Вкупно: 217** | |